ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 1 ФЕВРУАРИ 2020

**ТОП ВЕСТИ:**

- **Се градат пристапните рампи на пешачкиот мост во Делчево**
- **Започна изградбата на градска капела**
- **Интернационален тендер за изградба на фотоволтаична централа и прочистителна станица за вода во Делчево**
- **Обезбедени средства за доизградба на кровната конструкција на Спомен-Домот Разловечко востание**

## Се градат пристапните рампи на пешачкиот мост во Делчево



Интензивно се работи на изградбата на пристапните рампи на првиот пешачки мост на реката Брегалница. Согласно со проектот, пристапните рампи на пешачкиот мост се составени од пешачка рампа и скали изградени од бетон, а поплочени со ќерамички плочки. Пристапните рампи ќе добијат соодветно осветлување со канделабри.



**Започна изградбата на градска капела**

стр. 2

**Интернационален тендер за изградба на фотоволтаична централа и прочистителна станица за вода во Делчево**

стр. 3



**Обезбедени средства за доизградба на кровната конструкција на Спомен-Домот Разловечко востание**

стр. 3

# Одржана 35. Седница на Советот на Општина Делчево



Советниците на 35. Седница на Советот донесоа повеќе програми за работа за 2020 година и усвоија извештаи за реализацијата на програмите во 2019 година. Советниците ги разгледаа и ги донесоа: Програма за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2020 година; Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2020 година; Годишната програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата-Делчево; Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година; Исто така, советниците донесоа Одлука за ослободување од плаќање комунална такса за јавно осветлување на иматели на електрични броила за мерење на електрична енергија, како и Одлуката за приоритетен предлог за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

# Се градат пристапните рампи на пешачкиот мост во Делчево



Интензивно се работи на изградбата на пристапните рампи на првиот пешачки мост на реката Брегалница. Согласно со проектот, пристапните рампи на пешачкиот мост се составени од пешачка рампа и скали изградени од бетон, а поплочени со керамички плочки. Пристапните рампи ќе добијат соодветно осветлување со канделабри.
Доколку дозволат временските услови, изведувачот на работите, фирмата СД ТРАНС од с. Ѕвегор, работите треба да ги заврши најдоцна за два месеци.
Вредноста на работите изнесува 3,5 милиони денари, а средства се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.
Со изградбата на пристапните рампи комплетно се заокружува инфраструктурниот проект „Збогатување на туристичката понуда со изградба на пешачки мост на река Брегалница во Делчево“. Минатата година беше изграден пешачкиот мост на река Брегалница кој го поврзува стариот со новиот дел на градот, но претставува и украс на градот и е дел од туристичкиот пакет на Делчево.
Исто така, минатата година заврши и изградбата на пристапната улица во должина од 120 метри со која пешачкиот мост доби заокружена инфраструктурна целина.



# Започна изградбата на градската капела

Со дислокација на подземната инфраструктура на локацијата предвидена за изградба на градската капела кај градските гробишта во Делчево, економскиот оператор „ПАНЕЛ -М Мехаз“ ДООЕЛ од Тетово, ги започна подготвителните работи за изградба на градската капела. Согласно со Договорот потпишан по спроведената јавна набавка за „Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА со ладилник и помошни простории во Делчево“, економскиот оператор треба да го изгради објектот за 10 месеци.
Проектот предвидува изградба на придружни и услужни објекти на гробишта – капела – мртовечница со ладилник и помошни простории. Објектот е планиран со максимална висина до 8,5 метри. Во рамки на парцелата предвидени се паркинг места за 16 лесни возила, како и пристап за возилото за носење на ковчегот во мртовечницата и пешачка патека за вработените лица и посетителите, како и парковско зеленило. Инвестицијата е вредна 6.902.121,20 денари со вклучен ДДВ, а средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

# Нови контејнери во Делчево



Прв пат по повеќе од една деценија, набавени се нови садови за отпад во Општина Делчево. За подобрување на состојбата со управување на отпадот, Општина Делчево набави 23 контејнери вредни 371.000 денари.

Контејнерите се со волумен волумен 1,1 м3, номинална носивост 430 кг., а се предадени на ЈКП „Брегалница“ од каде ќе се транспортираат на планираните локации, каде досега биле поставени стари и оштетени контејнери или ги немало, а се очекува новите садови за отпад да придонесат за подобар квалитет на услугите за собирање на комуналниот отпад. Согласно со спроведената Јавна набавка „Набавка и испорака на метални контејнери за отпад“, склучен е Договор за набавка и испорака на метални контејнери со „ТЕХНИЧКИ ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА“ ДОО Неготино.

Инаку, преку проект на ЛАГ Малеш -Пијанец, Делчево очекува нови садови за отпад. Во моментов се спроведува постапка за набавка на урбана опрема- парковски канти за отпадоци, контејнери за отпад и контенјери за селекција за отпад вредна 880.000 денари. Сите овие активности ќе придонесат за подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните со акцент на подобро управување со отпадот кој е еден од основните проблеми во регионот.

# Интернационален тендер за изградба на фотоволтаичната централа и прочистетителната станица за вода во Делчево

Единицата за управување со проектот „Водоснабдување на Делчево“ на својот шести состанок ги даде проекциите за реализација на инфраструктурниот дел од проектот.

На состанокот главна тема беше обезбедувањето на техничката документација за реализација на инфраструктурниот дел од проектот по што следуваше темата за корпоративниот развој и кампањата за развивање на јавната свест за значењето на водата.

Мартин Раубер, консултант од консултантската фирма ЕБП од Швајцарија, истакна дека процесот се движи со планираното темпо и дека за реализација на инфраструктурниот дел од проектот се планираат два тендери.

***„Тендерите со кои двете села Звегор и Габрово ќе се приклучат на водоснабдителниот систем се надеваме дека ќе го објавиме наредниот месец, додека интернационалниот тендер за изградба на фотоволтаичната централа и прочистителната станица за резервоарските простори кој е прилично голем тендер се планира да се објави во средината на месецот април “***

# Обезбедени средства за доизградба на кровната конструкција на Спомен –домот Разловечко востание

Во рамките на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година, Министерството за култура одговори позитивно на апликацијата од НУЦК „Никола Јонков Вашцаров“ од Делчево и одвои 500.000 денари за доизградба и санација на кровната конструкција на Спомен-домот „Разловечко востание“.

Инвестицијата ќе се реализира во текот на 2020 година со што по толку години, овој значаен историски објект кој го чува споменот на првото самостојно вооружено Востание на македонскиот народ за ослободување од Отоманската Империја, ќе се спаси од пропаѓање.



# Амбасадорката на Велика Британија во посета на Делчево



Во посета на Делчево престојуваше амбасадорката на Велика Британија, Рејчел Галовеј. Амбасадорката Галовеј посетата ја започна со работна средба со градоначалникот на Општина Делчево на која градоначалникот, Трајковски ја запозна амбасадорката со спецификите на Општината, актуелните проекти и со напорите за градење на едно општество за сите.

Амбасадорката на Велика Британија г-ѓа Рејчел Галовеј присуствуваше на олимписките игри „Бочија“ кои се одржаа во спортската сала на ООУ „Св.Климент Охридски“ наменета за лицата со посебни потреби со порака за вклучување на овие лица во општеството. Проектот е поддржан од Британската амбасада.



„Целта на посетата е да се примопредаде во употреба машина за одзатнување канализација донирана од Германската амбасада преку Фондот за мали грантови и ја искористивме оваа прилика да се сретнеме со градоначалникот Трајковски за да се запознаеме со спецификите на Делчево, да разговараме за многу теми, за економскиот развој и други нешта. Се надеваме дека ова нема да бидем псоледна посета и дека нашата соработка ќе продолжи и во иднина“

**- Ото Граф**

# Заменик-амбасадорот на СР Германија во посета на Делчево

Во работна посета на Општина Делчево престојуваше заменик-амбасадорот на Сојузна Република Германија во земјава, Ото Граф, при што беше остварена средба со градоначалникот Горан Трајковски. На средбата се разговараше за актуелните проекти кои се реализираат во Делчево, а заменик-амбасадорот Граф, посебно се интересираше за економскиот развој на Делчево, трговската размена со соседна Бугарија и за повеќе други специфики.

Во рамките на посетата претставниците од Германската амбасада го посетија и ЈКП „Брегалница“, каде беше извршено примопредавање на донираната машина. Директорот на ЈКП „Брегалница“ Стојче Стојковски изрази благодарност за донацијата која многу ќе ја подобри многу ќе ја подобри ефикасноста и ефективноста на работата.



# Директорот на Царинската упрва на РСМ, Танаскоски, во посета на Делчево



Во посета на Општина Делчево престојуваше директорот на Царинска управа на РСМ, Ѓоко Танасовски. На средбата разговаравме за повеќе аспекти од локално значење , тоа што го работиме ние како Локална Самоуправа, како и тоа кои бенефити може да ги има градот Делчево од граѓаните на Р.Бугарија кои често доаѓаат во нашиот град за различни потреби и на некој начин ја раздвижуваат економијата. Директорот Танасовски истакна дека денешната посета на ГП, средбата со градоначалникот на Општина Делчево и стопанствениците е со цел да се види на кој начин Царинската управа може да им излезе во пресрет, бидејќи Делчево е град кој граничи со ЕУ, како и да бидат претставени новините во царинското работење за да се олесни движењето преку граница и да се зголеми конкурентноста.

# Подготвени за првиот снег



Екипите на ЈКП „Брегалница“ и операторот „Еуро-бетон“ с. Град кој е задолжен за зимско одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Делчево, навремено реагираа за расчистување на снегот од коловозите и тротоарите на градските улици со што не дозволија да се предизвика застој или отежнато движење на сообраќајот низ улиците на градот.
Патиштата и улиците се чистат согласно со приоритетната листа, а во Планот е предвидено зимското одржување на патишта со асфалтен коловоз да опфаќа патишта во должина од 82,5 км, општински патишта со макадам коловоз 42 км и улици со асфалтен коловоз во должина од 38,5 км.
Општина Делчево испрати апел до граѓаните за да си ја исполнат својата граѓанска должност и да го исчистат снегот од пристапите до нивните објекти, односно дворови. Посебно се апелира до правните лица да го исчистат делот пред нивните објекти со цел да се овозможи непречено движење и пристап до објектите.

# Се чисти просторот на православните гробишта во Град и Разловци



Екипи на ЈКП „Брегалница“ деновиве активно работат на расчистување на селските гробишта во селата Тработивиште и Разловци. Покрај редовните активности за редовно чистење и одржување на јавните површини, екипи на ЈКП „Брегалница“ во пресрет на верскиот празник Задушници, кога традиционално голем број христијански верници ги посетуваат гробовите на своите блиски, спроведоја акција за чистење растителен и друг отпад и уредување на површините на селските православни гробишта во двете села.
Состојбата со селските гробишта, посебно во селото Тработивиште била аларамнтна, бидејќи овде ваква акција не е спроведена подолг период,ниту од МЗ на селото, па ЈКП одговори на барањата на жителите.
Претходно, акции за расчистување на површините под опфат на селските гробишта беше спроведена во селата Габрово и Град.

# Чистење на ендекот Грозданец

Во согласност со Годишната програмата на Општина Делчево за регулација на речните корита и водотеци како и програмата на ЈПКД „Брегалница" за чистење на диви депонии денес механизација и екипи на Јавното комунално претпријатие вршеа чистење на ендекот Грозданец како и дивата депонија формирана во ова подрачје. Од ЈПКД „Брегалница“ и Општина Делчево апелираме до граѓаните за поголема свест за чистата животна средина. Со акција за чистење ќе се продолжи и во наредниот период согласно Годишната програма за работа на ЈПКД „Брегалница“ и општина Делчево.



# Стипендистите на Општина Делчево ги добија решенијата



Учениците и студентите од Делчево кои ќе добиваат стипендии од Општина Делчево за учебната 2019/2020 година ги добија решенијата од Општина Делчево. Годинава, вкупно 18 средношколци кои аплицирале во двете категории согласно со јавно објавениот Конкурс и 10 студенти кои ги исполнија условите согласно со предвидените критериуми, ќе добиваат стипендии од Буџетот на Општина Делчево за период од 9 месеци.

Бројот на предвидени стипнедии согласно со Програмата се зголемува два пати во последниве две години, односно од 12 на 28 стипендии. Оваа година почитувајќи ги критериумите, Комисијата одлучи да се доделат 18 ученички стипендии во двете категории и во износ од 1,000 денари, односно 1,500 денари и 10 студентски стипендии во износ од 2000 денари, односно 3,500 денари.

*„Македонскиот јазик претставува целосно оформен, современ литературен јазик. Но сепак, тоа не значи дека тука треба да застанеме. Напротив, јазикот е непресушен извор, кој треба постојано да се следи, да се негува, да се надоградува и пред сѐ да се зачува чистината на убавиот македонски збор“*

**потенцираше Петровска**

# Одбележан Денот на мајчиниот јазик

Учениците и наставниците од ООУ „Ванчо Прке“ во соработка со Јавната локална библиотека „Илинден“ го одбележаа Светскиот ден на мајчиниот јазик, 21 февруари. По тој повод беше одржана пригодна културна програма во која акцент беше ставен на рециталот со работна тема „Мајчиниот јазик наш непресушен извор“ на кој беа цитирани извадоци и мисли од повеќе македонски писатели и јазични дејци, а во насока на зачувувањето и збогатувањето на јазичното творештво. Библиотеката на талентираните ученици кои редовно учествуваат на наградните конкурси им подари книги од македонски автори.



# Ученици од ООУ „Св.Климент Охридски“ на час по општество во Општина Делчево




Кои се надлежностите на една општина, дали има екопатроли, каде ќе се наоѓа филтер- станицата за вода во Делчево и како изгледа еден работен ден на градоначалникот, беа само дел од прашањата што ги поставија учениците од 4-те одделенија од ООУ „Св.Климент Охридски“ од Делчево на школскиот час по предметот општество кои го одржаа во просториите на Општина Делчево. Во рамките на предметот општество, 60-тина ученици денеска имаа средба со градоначалникот Горан Трајковски кој ги запозна учениците со улогата и надлежностите на Општината и со должностите на градоначалникот, приоритетните проекти за реализација и начинот на кој функционираат одделенијата и секторите во Општина Делчево, но одговараше и на нивните прашања.

# Општина Делчево одбележа 148 години од раѓањето на Гоце Делчев



Општина Делчево со пригодна свеченост ја одбележа 148-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

По тој повод, за животот и делото на Гоце Делчев реферат подготвија членови на КУД „Гоце Делчев“, а пред споменикот на Делчев во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, како и претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од институциите, политички партии, здруженија на граѓани.



**Сметки за донации:**

**За фирми, односно компании-**
**7200140320785И0**
**приходна шифра:744111**
**програма: 00**

**За физички лица**
**7200140320785И0**
**приходна шифра: 744211**
**програма:00**

# Продолжува изградбата на соборниот храм „Св.Кирил и Методиј“

Со изградба на кровната конструкција, денеска започна втората фаза од доизградбата на соборниот храм „Свети Кирил и Методиј“ во Делчево. Работите треба да завршат за два месеци, а средствата за доизградба на кровната конструкција се донација од д-р Милен Врабевски и Фондацијата „Бугарско сеќавање“ од Софија, како и средства обезбедени од донаторската сметка на Општина Делчево отворена за таа намена. Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, уште еднаш ги повика граѓаните и фирмите на Делчево да донираат за доизградбата на црквата на донаторската сметка отворена за таа намена со цел да се заокружи и ентериерното уредување на верскиот објект. Инаку, фасадата на црквата е целосна донација од донаторот Милен Врабевски и Фондацијата „Бугарско сеќавање“, додека влезните врати се донација од фирмата ДООЕЛ „АЛДАРИВО“ од Пехчево.



# Делчево одбележа 76 години од Февруарскиот поход

Планинари од Делчево, Берово и Пехчево, заедно со претставници од институции и здруженија на граѓани од Делчево и соседните општини учествуваа на планинарскиот марш на планината Голак организиран по повод 76-годишнината од Февруарскиот поход.

Одбележувањето започна со планинарски марш до Голак во должина од 12 км (во една насока) по што се положи свежо цвеќе пред спомен-плочата на Февруарскиот поход поставена на планината Голак, а претставници од КУД „Гоце Делчев“ преку рецитал потсетија на историските факти кои го одбележаа овој стратешки поход изведен во 1944г.

На учесниците на настанот им беа доделени благодарници.



# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Компјутерска обработка: Влатко Мицевски**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


Инфо Делчево на web:
delcevo.gov.mk